**20160310890**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15 и 225/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.2.2016 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРАТА И УСЛУГИТЕ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 102/06, 116/07, 126/07, 145/08, 41/11, 150/11, 147/12 и 117/14) во членот 2 став 1 во точката 1 во табелата по редниот број 145 се додава нов реден број 145-а кој гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 145-а. | 1513 11 91 00 | Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции; Сурово масло; Друго; Во пакување со нето маса од 1 кг или помала |

“

По редниот број 149 се додава нов реден број 149-а кој гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 149-а. | 1513 21 30 00 | Масло палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции; Сурово масло; Друго; Во пакувања со нето маса од 1 кг или помала |

“

По редниот број 155 се додава нов реден број 155-а кој гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 155-а. | 1514 91 90 00 | Масло од репка или масло од синап и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани: Друго; Сурово масло; Друго. |

“

По редниот број 163 се додаваат два нови редни броја 163-а и 163-б кои гласат:

„

| | | |
|---|---|---|
| 163-а. | 1515 90 51 00 | Други растителни масти и масла, неиспарливи (вклучувајќи масло од јојоба) и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани: Друго: Други масла и нивни фракции; Сурови масла; Друго; Цврсти, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала |
| 163-б. | 1515 90 59 00 | Други растителни масти и масла, неиспарливи (вклучувајќи масло од јојоба) и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани; Друго; Други масла и нивни фракции; Сурови масла; Друго; Цврсти, други; течни |

“

Точката 5 се менува и гласи:

„Фолии од пластична маса за употреба во земјоделството кои се распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

| Ред број | Глава/тарифен број | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | 3920 10 24 00 | -----Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Од полиетилен со специфична тежина: Помала од 0,94; Растегливи филмови, непечатени.<br>(„Напомена: се применува само за употреба во земјоделство) |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | 3920 10 25 10 | ------Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Од полиетилен со специфична тежина: Помала од 0,94; Друго; Непечатени („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство) |
| 3. | 3920 10 28 00 | ----Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Од полиетилен со специфична тежина: 0,94 или поголема. („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство) |
| 4. | 3920 10 40 10 | ----Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Друго; Непечатени („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство) |
| 5. | 3920 10 81 00 | ---Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што надминува 0,125 мм: Синтетичка хартиена целулоза, во форма на влажни листови изработена од неповрзани фино разгранети полиетиленски влакненца, измешани или неизмешани со целулозни влакна во количина која не надминува 15%, со содржина на поли (винил алкохол) растворен во вода како средство за навлажнување. („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство) |
| 6. | 3920 10 89 10 | ---Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што надминува 0,125 мм: Друго; Непечатени. („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство) |

"

Во точката 12 во табелата редниот број 18 се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 18 | 2309 90 | Производи што се употребуваат за исхрана на животни:<br>-Друго: |

"

Редниот број 19 се брише.

Точката 13 се менува и гласи:

„Бебешки производи и тоа: креветче, количка, транспортер, релаксатор, седиште за во возило, када, хранилка, цуцла, шише и пелени за бебиња распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

| Ред број | Тарифен број | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | Ex.9403 60 90 00 | -- Друг мебел; Друг дрвен мебел.<br>*Бебешко креветче од дрво |
| 2. | Ex.9403 89 00 00 | --Друг мебел; Мебел од други материјали, вклучувајќи и трска, врба, бамбус или слични материјали; Друго.<br>*Бебешко креветче од друг материјал |
| 3. | 8715 00 10 00 | - Бебешки колички |
| 4. | Ex. 9401 61 00 00 | --Седишта; Други седишта, со дрвени скелети; Тапацирани.<br>*Бебешки седишта за возила, тарнспортер, релаксатор, хранилки |
| 5. | Ex. 9401 69 00 00 | --Седишта; Други седишта, со дрвени скелети; Други.<br>*Бебешки седишта за возила, тарнспортер, релаксатор, хранилки |
| 6. | Ex. 9401 71 00 00 | --Седишта; Други седишта, со метални скелети; Тапацирани.<br>*Бебешки седишта за возила, тарнспортер, релаксатор, хранилки |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Ex. 9401 79 00 00 | --Седишта; Други седишта.<br>*Бебешки седишта за возила, тарнспортер, релаксатор, хранилки |
| 8. | Ex. 9401 80 00 00 | -Седишта; Други седишта, со метални скелети; Други.<br>*Бебешки седишта за возила, тарнспортер, релаксатор, хранилки |
| 9. | Ex.3922 10 00 00 | - Кади, туш-кади, садопери и лавабоа<br>*Бебешка када |
| 10. | Ex.3926 90 97 90 | ---- Други производи од пластични маси; Друго; Друго; Друго.<br>*Цуцли од пластични маси |
| 11. | Ex.4014 90 00 00 | - Хигиенски и фармацевтски производи (вклучувајќи цуцли) од гума освен од тврда гума, со прибор или без прибор од тврда гума; Друго.<br>*Цуцли од гума |
| 12. | Ex.7013 99 00 00 | --Производи од стакло од видови што се употребуваат во кујна; Други производи од стакло; Други.<br>*Бебешки шишиња од стакло |
| 13. | Ex. 3924 10 00 00 | -Трпезни садови и кујнски садови и прибор<br>*Бебешки шишиња од пластика |
| 14. | Ex.9619 00 50 00 | --Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Од други текстилни материјали; Пелени и влошки за бебиња и слични производи.<br>* Пелени и влошки за бебиња |
| 15. | Ex.9619 00 81 10 | --Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Од други материјали; Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Пелени и влошки за бебиња; Од хартиена пулпа, хартија, целулозна вата или листови и ленти од целулозни влакна<br>* Пелени и влошки за бебиња |
| 16. | Ex.9619 00 30 00 | -Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Од вата од текстилни материјали.<br>* Пелени и влошки за бебиња |
| 17. | Ex.9619 00 81 90 | --Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Од други материјали; Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Пелени и влошки за бебиња; Друго.<br>* Пелени и влошки за бебиња |

"

Точката 14 се менува и гласи:

„Училишен прибор и тоа: училишна торба (ранец), тетратка, молив, пенкало, блок, работна тетратка, боички, линеар, шестар, пластелин, острилка, гума и коректор, распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

| Ред број | Тарифен број | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | Ex.4202 12 11 00 | ----Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актчанти, школски торби и слични контејнери; Со надворешна површина од пластични маси или од текстилни материјали; Во форма од пластични листови; Аташе-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби.<br>*Училишни торби (ранец) од пластични маси |
| 2. | Ex.4202 11 10 00 | ----Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актчанти, школски торби и слични контејнери; Со надворешна површина од пластични маси или од текстилни материјали; Во форма од пластични листови; Аташе-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби.<br>*Училишни торби (ранец) од кожа |
| 3. | Ex.4202 12 91 00 | ----Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актчанти, школски торби и слични контејнери; Со надворешна површина од пластични маси или од текстилни материјали; Од други материјали, вклучувајќи вулканфибер; Аташе-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби.<br>*Училишни торби (ранец) |
| 4. | 4820 20 00 00 | - Тетратки |
| 5. | Ex.9609 | Моливи (освен моливите од тар. број 9608), писалки, мини за моливи, пастели, јаглен за цртање, креди за пишување или цртање и кројачки креди<br>*Моливи<br>*Боици |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Ex.3213 10 00 00 | - Бои за уметничко сликарство, настава или за знаци, бои за нијансирање, бои и слично за разонода и забава, во таблети, туби, теглички, шишенца, чанчиња или слични форми или пакувања; Бои во сетови.<br>*Боици за настава |
| 7. | 9608 40 00 00 | -Патент-моливи |
| 8. | 9608 10 | - Пенкала |
| 9. | Ex.4820 10 90 00 | --Регистри, книговодствени книги, нотеси, книги за порачки, признанични книги, агенди, меморандум блокови, дневници и слични производи; Друго.<br>*Блокови |
| 10. | Ex.9608 20 00 00 | - Фломастери и маркери со врв од филц или друг порозен материјал<br>*Фломастери |
| 11. | Ex.9017 80 10 00 | --Инструменти и апарати за цртање, обележување или математичко сметање (на пример, апарати за скицирање, пантографи, агломери, прибор за цртање во сет, логаритмари, калкулатори во форма на тркалезна плоча); инструменти за мерење должина, што се држат в рака (на пр, мерни прачки и ленти, микрометарски мерила, мерила со нониус), неспомнати ниту опфатени на друго место во оваа глава; Други инструменти; Мерни шипки, мерни траки и ленири со мерна поделба<br>*Ленири |
| 12. | Ex.9017 20 10 00 | --Инструменти и апарати за цртање, обележување или математичко сметање (на пример, апарати за скицирање, пантографи, агломери, прибор за цртање во сет, логаритмари, калкулатори во форма на тркалезна плоча); инструменти за мерење должина, што се држат в рака (на пр, мерни прачки и ленти, микрометарски мерила, мерила со нониус), неспомнати ниту опфатени на друго место во оваа глава; Други инструменти за цртање, обележување или математичко сметање; Други инструменти за цртање.<br>*Шестар |
| 13. | Ex.3407 00 00 90 | - Маси за моделирање, вклучувајќи приготвени за детска забава; Друго.<br>* Пластелин |
| 14. | Ex.8214 10 00 00 | -Други ножарски производи (на пример, машини за стрижење, месарски или кујнски сатари, ножеви за сецкање и ситнење месо, ножеви за хартија); Ножеви за хартија, за отворање на писма, за бришење (стружење - радирање), за острење на моливи, и сечила за нив.<br>*Острилка |
| 15. | 4016 92 00 00 | --Други производи од гума, освен од тврда гума; Друго; Гуми за бришење; |
| 16. | Ex.3824 90 92 00 | -----Друго; Друго; Хемиски производи или препарати, претежно сочинети од органски соединенија, на друго место неспомнати или опфатени; Во форма на течност на 20□Ц.<br>* Коректор |
| 17. | Ex.3824 90 93 00 | ----- Друго; Друго; Хемиски производи или препарати, претежно сочинети од органски соединенија, на друго место неспомнати или опфатени; Друго.<br>* Коректор |

”

Во НАПОМЕНАТА во став 2 симболот “.” се заменува со симболот “*” .

Во став 3 зборовите „точка 10“ се заменуваат со зборовите: „точки 10, 13 и 14“, а симболот “.” се заменува со зборовите: “ * или симбол ⋆ “ .

Во став 4 симболот “.” се заменува со симболот “*” .

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-1607/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.